Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

09.07 , 2026 година

Архивски број: 67-1413/3

До: Министер за транспорт

Предмет: Предлог за одобрување на планска програма

Врска: Наш број: 67-1413/2 од 07.07.2026 година
Ваш број: 0302-98/10 од 01.07.2026 година

Почитувани,

Комисијата за урбанизам, формирана од Министерот за транспорт со Решение број 02-3107/1 од 03.04.2026 година, изврши увид во **Планската програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К'шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе**, изработена од „Квадар" ДОО Скопје, со тех. број 0701-98 од јуни 2026 година, како постапка во информацискиот систем „е-урбанизам" број 81358 со барање број 0302-98/10 од 01.07.2026 година од „Квадар" ДОО Скопје, заведено во архивата на Министерството под број 67-1413/2 од 07.07.2026 година.

Планската програма се однесува на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење од член 17 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25 и 134/26) со предмет на уредување согласно член 47 став (3) точка 6 алинеа 5 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Планската програма за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е изработена согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и истата е со содржина согласно член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и член 21 од Правилникот за


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Во прилог на Планската програма се приложени:

- Полномошно од правното лице Друштво за произвотство, трговија и услуги 4 ВИНД ЕНЕРЏИ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје го ополномоштува „КВАДАР" доо Скопје, бр.03-08 од 26.06.2026 година со цел спроведување на постапката за изработување и донесување на урбанистичкиот план.
- Услови за планирање на просторот за урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К'шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе, со тех број Y00525 од февруари 2026 година, изработени од Агенција за просторно планирање на просторот,
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, со арх. бр. 15-976/2 од 03.04.2026 година, обезбедено во релевантна постапка во информацискиот систем „е-урбанизам" број 67684,
- Планската програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К'шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе, изработена од „Квадар" ДОО Скопје, со тех. број 0701-98 од јуни 2026 година,
- Одговор од Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, број 14-4789/2 од 31.10.2025 година,
- Физибилити Студија (техноекономска анализа на ветерен парк 4WIND)
- Воздухопловна Студија за влијание на публикуваните процедури и радионавигациски уреди на меѓународниот аеродром Скопје со проценка на безбедноста на воздушниот сообраќај, од март 2026 година.

Од увидот е констастирано дека намените на идните градби се во согласност со член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и претставуваат прва категорија на градби согласно со Законот за градење. Исто така, од увидот е констатирано дека намените на предвидените градби со класа на намена Г3.7 - Ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, мали хидроелектрани, електрани на биогориво над 10MW не се во конфликт со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

Врз основа на наведеното, Комисијата за урбанизам му предлага на Министерот за транспорт да ја одобри **Планската програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО К'шање, КО Пезово и КО Кокошиње, општина Куманово и КО Горно Ѓуѓанци, општина Свети Николе**, со Решение согласно член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25 и 134/26).

Со почит,

-Весна Андриевска, член на комисија

-Јулијана Ставревски, член на комисија

-Александар Карангелов, член на комисија

-Александар Наумоски, член на комисија

-Даниела Деспотовска Сековска, член на комисија

-Целе Најдески, член на комисија


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk